ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Аеродром

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (637) за 2020 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- критеримите за оценка на барањата за донации и спонзорства се општи и не даваат уверување за оправданоста на доделените средства;
- не е евидентирано земјиште и дел од недвидвижниот имот сопственост на општината, инвестициони градби и други капитални вложувања;
- неправилности во спроведувањето на јавните набавки.

**Издадено мислење*:** (неповолно)
Изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, сметка на основен буџет (637) за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
- со нтерниот акт да се утврдат јасни и прецизни критериуми според кои ќе се одлучува по барања за донации и спонзорства;
- проценка на вредноста на земјиштето и објектите за кои се обезбедени документи за сопственост и нивно евидентирање во деловните книги;
- да се почитуваат законски пропишаните рокови при спроведување на јавните набавки и да применуваат соодветни постапки за набавка на добра, услуги или работи.

**Клучни системски слабости:**
Неусогласеност на законски прописи, за финансирање на активностите од областа на спортот од аспект на дефинирање и разграничување на надлежностите кои ги имаат општините во градот Скопје, донесување на посебна програма и нејзино финансирање од буџетот на општината.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на сметка на основен буџет (637) за 2020 година

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018